Република Македонија
Јавна установа меѓуопштински
центар за социјални работи
Бр 04-586/5
14-06 2018 год.
Велес

Врз основа на член 2 став 2 и 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ број 27/14 ,199/14, 27/16 и 35/18) и член 105 став 6 и член 110-е од Законот за социјална заштита (Службен Весник на Република Македонија бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 180/14, 33/15, 72/15, 104/15, 150/15, 173/15, 192/15, 30/16 и 163/17 и 51/18) и член 3 од Правилникот за систематизација на работните места во Јавната установа Меѓуопштински Центар за социјална работа Велес број 02-751/2 од 29.06.2015 год. и Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈУМЦСР Велес број 02-393/4 од 30.03.2018 година, Директорот на установата донесува:

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат за вработување на давател на јавна услуга

1.За извршител на работното место Психолог-стручен службеник од шесто ниво, шифра СО30303А06003 во Служба за услуги од социјална заштита се избира кандидатот Љупка Костовска.

2.Именуваниот кандидат ќе биде вработен на работното место од став 1 на оваа одлука по завршување на постапката за избор и конечноста на одлуката.

3.Кандидатот Љубица Костадинов не ги исполнува условите во огласот во однос на потребната стручна подготовка, не е дипломиран психолог туку е дипломиран еконосмист менеџер, а кандидатот Паулина Манаскова не ги достави дополнително бараните докази па од тие причини овие два кандидати не ги исполнуваат условите наведени во јавниот оглас.

4.Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување на веб страната и на огласна табла на установата.

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на утврдената потреба со Одлука бр.05-585/1 од 16.05.2018 година за пополнување на слободно работно место со вработување на лице по пат на објавување на јавен оглас, а по претходно обезбедени финансиски средства од страна на Министерството за финансии преку Министерството за труд и социјална политика бр.04-564/1 од 14.05.2018 година, ЈУМ Центар за социјална работа-Велес објави јавен оглас бр.01/2018 објавен на 16.05.2018 година за вработување на еден (1) извршител на работно место Психолог – стручен службеник од шесто ниво – Служба за услуги од социјална заштита, шифра СО30303А06003.

Во врска со јавниот оглас бр.01/2018 објавен на веб страната на установата и во дневните весници ,,Нова Македонија,, и ,,Лајм,, за пополнување на работното место преку постапка за вработување по јавен оглас, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, формирана со Одлука бр.05-585/1 од 16.05.2018 година, на ден 08.06.2018 и 11.06.2018 година спроведе постапка за веродостојноста на доказите и интервју за наведеното работно место.

По спроведената постапка за веродостојноста на доказите и интервјуто, Комисијата изготви Ранг листа на кандидати пријавени по јавен оглас бр.01/2018.

Врз основа на тоа, се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка во работен однос од втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на известувањето и одлуката за избор на кандидат.

ДИРЕКТОР
Азиза Цини

Доставено до
Именуваниот
Оддел за административни работи
архива